*ското востание*". Тогаш на историската секција при нашето училиште и беше доделена првата награда.

Но сепак како златна круна на успесите на историската секција при нашето училиште, претставуваат успесите постигнати на минатогодишниот квиз-натпревар на тема „60 години од создавањето на СКОЈ".

Петте најдобри ученички од одржаниот училиштен квиз-натпревар беа испратени на општинскиот, каде на ученичката Ристевска Верка и беше доделена првата награда, а на Цветковска Јагода, третата. И двете беа испратени на републичкиот квиз натпревар каде што на уч. Ристевска Верка и беше доделена третата награда и беше испратена на Сојузниот квиз-натпревар, кој се одржа во Кумровец, каде се пласира на шесто место.

Секако ваквите успеси, ваквата заедничка работа се претворени во спомен на фотографиите сместени во засебниот албум на историската секција.

Членовите на историската секција со нов елан и со нови знаења ќе се вклучат и во годинашниов квиз-натпревар на тема „30 години од спроведувањето на социјалистичкото самоуправување", во кој, се надеваме, ќе постигнат солидни резултати.

## ИСТОРИСКАТА СЕКЦИЈА ПРИ ГИМНАЗИЈАТА „ЈОСИП БРОЗ ТИТО" СКОПЈЕ — ПРОЗОРЕЦ КОН МИНАТОТО —

Во редот на многуте секции кои активно работат во текот на целата година во нашата гимназија се вбројува и историската секција на учениците од II-те класови. Бројот од 78 членови, го потврдува големиот интерес што го пројавуваат учениците кон историските науки. Своите познавања од историја учениците ги збогатуваат и дополнуваат и преку списанието „Историја" кое го подготвува Сојузот на историчарите на СР Македонија. За ова списание претплатени се 222 ученици кои до сега ги имаат добиено двата броја од минатата година и првиот број од оваа година. До крајот на учебната година претплатниците ќе ги добијат останатите броеви од списанието со што ќе имаат можност да го прошират кругот на своите знаења.

Во рамките на секцијата предвидено е во текот на учебната година да се одржат 9 работни состаноци на раководството и 7 работни состаноци на целото членство, што секако не значи дека бројот на состаноците ќе бидат поголем во зависност од конкретните можности на секцијата. Во текот на првото тримесечје беше оневозможено нормалното дејствување на секцијата поради тоа што наставата во гимназијата се одвиваше во две смени. Меѓутоа, во преостанатите месеци од учебната година ќе бидат надополнети сите недостатоци во врска со нејзината работа.

На состаноците ќе се разработат следниве теми, прашања и активности:

— Културата во Западна Европа во времето на ренесансата,

— Културата во средниот век кај нашите народи,

— 175 годишнината од Првото српско востание,

— Идеолози на француската буржоаска револуција,

— Ајдутството и Карпушовото востание,

— Улогата на Охридската архиепископија

Сите овие теми се тесно поврзани со историскиот материјал што го обработуваат учениците од II клас. На еден од состаноците беше пригодно одбележан јубилејот поврзан со 60-годишнината од создавањето на КПЈ и СКОЈ со реферат што го подготвија членови од секцијата. Исто така беше одбележана и годишнината од смртта на великанот на нашата револуција Едвард Кардељ. Двата реферата беа прочитани пред сите ученици од Гимназиајта.

Во активностите што ги организираат членовите на секцијата се вбројува и уредувањето на кабинетот по историја кој треба да биде катче на младите историчари. Дел од членовите на оваа секција во наредниот период ќе се вклучат во различни натпревари од интерен карактер како и во конкурсите што ги организираат другите установи.

Една од основните задачи на секцијата е активното учество во одбележување на сите државни и национални празници и јубилеи. Во зависност од можностите ќе бидат посетени и голем број историски и културни споменици на нашиот знаменит град како: Старата чаршија, црквата „Свети Спас", „Куршумлиан" потоа изложбата што е посветена на животот и делото на нашиот идеолог Едвард Кардељ, а по повод годишнината од неговата смрт, како и манастирот „Свети Јован Бигорски".

И оваа година членови од историската секција ќе земат учество во „Караванот на младите историчари" што го организира СИДМ.

Со историската секција раководи и нејзината работа ја координира професорката по историја, Љубица Стаматоска, заедно со членовите на претседателството.

Валентина ВРБОВСКА, II-4 клас